Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2019 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство ....3
Број на работници во индустријата ....4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6
Инфлација ....6
Берзански цени .... 8

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ....9
Увоз ....10
Салдо на трговска размена .... 11
Валутна структура ....12

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација ....12
Приходи по буџетски корисници ....13
Буџетски расходи според економската класификација ....15
Расходи по буџетски корисници ....16
Буџетско салдо.. ....18

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ....18
Плати ....19
Пензии ....20

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари ....21
Депозитен потенцијал ....21
Кредити на банките .... 23
Каматни стапки на депозитни банки .... 23
Пазар на капитал .... 24
Девизни резерви .... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2019 година

- Индустриското производство во јули 2019 година забележа раст од 5,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јули 2019 година се зголемија за 0,8% во однос на јули 2018 година, по растот од 0,3% во јуни 2019 година;
- Во периодот јануари - јули 2019 година извозот забележа раст од 14,6%, а увозот од 12,0%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 4,2%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2019 година изнесуваа 113.890 милиони денари, односно 16,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,2% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2019 година изнесуваа 123.274 милиони денари, односно 17,6% од БДП, што е за 8,4% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во јули 2019 година се зголемија за 6,8% во споредба со јули 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,0%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јули 2019 година забележа раст од 5,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 51,8% (придонес од 6,3 п.п.), како и во секторот Рударство и вадење камен од 15,7% (придонес од 1,7 п.п.). Производството во секторот Преработувачка индустрија е непроменето.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во јули 2019 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 57,3% од структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во јули 2019 година е забележан кај производството на моторни возила од 23,4% и придонес од 2,3 п.п., на електрична опрема од 16,0% и придонес од 0,7 п.п., како и на машини и уреди од 0,6% и придонес од 0,1 п.п.. Сепак, растот на индустриското производство е ублажен со падот кај традиционалните гранки, односно производството на облека од 17,5% и негативен придонес од 1,5 п.п., на прехранбени производи од 7,2% и негативен придонес од 0,7 п.п., на тутунски производи од 13,0% и негативен придонес од 0,2 п.п., како и на текстил од 3,8% и негативен придонес од 0,1 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици во јули 2019 година, растот е главно последица на зголеменото производство кај гранките Енергија од 53,9% (придонес од 7,7 п.п.) и Капитални производи од 12,5% (придонес од 2,8 п.п.).

Кумулативните податоци за периодот јануари – јули 2019 година покажуваат дека е забележан раст на индустриското производство од 4,9%, што во најголем дел се должи на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 23,7% (придонес од 2,9 п.п.), а во помал дел во секторите Преработувачка индустрија од 2,1% (придонес од 1,6 п.п.) и Рударство и вадење камен од 6,0% (придонес од 0,6 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на моторни возила
3 - Вадење на јаглен и лигнит
4 - Вадење на руди на метал
5 - Производство на пијалаци

Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 67,8% од структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 23,7% и придонес од 2,9 п.п., производството на машини и уреди од 15,7% и придонес од 1,5 п.п., како и кај производството на моторни возила од 8,4% и придонес од 0,8 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




1 - Производство на облека
2 - Производство на фабрикувани метални производи
3 - Производство на прехранбени производи
4 - Производство на метали
5 - Производство на кожа и сл. производи од кожа

Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот во првите седум месеци од 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групата Енергија од 23,8% (придонес од 3,4 п.п.), а во помала мера и на групите Капитални производи од 5,3% (придонес од 1,2 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,9% (придонес од 0, 8 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јули 2019 година е намален за 2,5%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 2,6%, Рударство и вадење камен од 2,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено во групата Капитални

производи од 6,3%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,3%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,8% и Енергија од 1,2%.

На кумулативна основа, во првите седум месеци од 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,2%, што се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,3%, Рударство и вадење камен од 0,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Согласно податоците по наменски групи, во периодот јануари – јули 2019 година е забележан раст единствено во групата Капитални производи од 8,2%, додека пад бележат групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,5%, Енергија од 0,9% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јули 2019 година е понеповолна споредено со јуни 2019 година, а поповолна во однос на јули 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули изнесува 69,5%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 69,9%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јули имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 26,3%, недоволната странска побарувачка со 17,9%, недоволната домашна побарувачка со 13,9%, неизвесното економско опкружување со 11,1%, конкурентниот увоз со 7,3%, недостигот на суровини со 7,1% и финансиските проблеми со 6,5%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јули 2019 година во однос на јуни 2019 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни споредено со претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2019 година издадени се вкупно 284 одобренија за градење и во однос на јули 2018 година бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 2,9%. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 40,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2019 година на годишна основа е зголемена за 1,4%. Вредноста на објектите во однос на јуни 2019 година бележи двојно зголемување.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 180 (или 63,4%) се наменети за објекти од високоградба, 40 (или 14,1%) за објекти од нискоградба и 64 (или 22,5%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 284 издадени одобренија за градба, на 189 објекти (или 66,6%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 95 објекти (или 33,4%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во јули 2019 година предвидена е изградба на 1.184 станови, со вкупна корисна површина од 80.512 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е двократно зголемен, а на годишна основа бележи раст од 82,7% .

## Инфлација

Потрошувачките цени во јули 2019 година се зголемија за 0,8% во однос на јули 2018 година, по растот од 0,3% во јуни 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јули 2019 година изнесува 1,2%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Во јули 2019 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,0% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во јули 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,2% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 3,2%, Рекреација и култура од 2,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Транспорт од по 1,0% и Ресторани и хотели од 0,4%.

Годишен пад на цените во јули 2019 година е регистриран во категориите: Комуникации од 1,8%, Облека и обувки од 1,0%, Останати стоки и услуги од 0,7%, Образование од 0,5% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Потрошувачките цени во јули 2019 година се зголемија за 0,2% во однос на претходниот месец. Притоа, најголемо зголемување на цените на месечно ниво е регистрирано во категоријата Транспорт од 3,6%, следено со зголемувањето на цените во следните категории: Рекреација и култура од 1,6%, Ресторани и хотели од 0,5% и Здравје од 0,3%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*




Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Облека и обувки од 0,7%, Храна и безалкохолни пијалаци и Комуникации од по 0,3%, Останати стоки и услуги од 0,2% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во јули 2019 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 0,7%, а на месечна основа за 1,1%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2019 година во однос на јуни 2019 година се зголеми за 1,1% и изнесува 64,0 долари за барел. Споредено со истиот месец од 2018 година, цената на нафтата бележи пад од 14,0%. Цената на природниот гас во јули 2019 година на месечна основа е пониска за 0,5%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, во јули 2019 година никелот како значаен извозен производ се тргуваше со просечна цена од 13.546 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи раст на цената од 13,4%. Споредено со јули 2018 година, цената на никелот опадна за 1,8%. Покрај никелот, месечен раст на цените во јули бележат и дел од останатите основни метали. Така, цената на оловото се зголеми за 4,0%, на алуминиумот за 2,3% и на бакарот за 1,0%. Калајот и цинкот во јули 2019 година во однос на јуни 2019 година бележат намалување на цената од 6,3% и 5,9%, соодветно. Цената на железната руда во јули на месечна основа се зголеми за 10,4%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цената на среброто во јули 2019 година во однос на јуни 2019 година бележи раст од 5,0%, на платината од 4,4% и на златото од 4,0%.

Цената на пченицата на светските берзи во јули 2019 година споредено со претходниот месец се намали за 4,8%, а на пченката за 2,9%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите седум месеци од 2019 година изнесува 8.554,5 милиони евра, што претставува раст од 13,1% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - јули 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,5 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 71,5%.

## Извоз

Во периодот јануари - јули 2019 година, вредноста на извезените стоки изнесува 3.721,8 милиони евра и бележи раст од 14,6% (473,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот раст од 18,0%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во јули 2019 година изнесува 564,4 милиони евра и бележи раст од 17,4% (83,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 28,0%.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2019 година извозот бележи раст од 5,9% (31,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 7,1%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јули 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,2% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - јули 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата ЕФТА. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 13,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 20,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 82,1% и 11,0% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јули 2019 година изнесува 4.832,8 милиони евра и бележи раст од 12,0% (518,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 13,3%.

Вредноста на увозот во јули 2019 година изнесува 747,2 милиона евра, што претставува раст од 16,6% (106,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 9,1%.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2019 година увозот бележи раст од 20,9% (129,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 16,9%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | | Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2018 | I - VII - 2019 | Салдо | Стапки во% | | I - VII - 2018 | I - VII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,9 | 27,2 | 12,3 | 82,2 | .000 Т | 17,8 | 22,8 | 5,0 | 28,4 |
| Мил. ЕУР | 646,0 | 784,5 | 138,5 | 21,4 | Мил. ЕУР | 120,4 | 126,2 | 5,8 | 4,8 |
| Мил.$ | 777,3 | 884,9 | 107,7 | 13,9 | Мил.$ | 145,0 | 142,4 | -2,7 | -1,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | | Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2018 | I - VII - 2019 | Салдо | Стапки во% | | I - VII - 2018 | I - VII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 435,8 | 455,4 | 19,7 | 4,5 | .000 Т | 503,6 | 498,9 | -4,7 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 297,8 | 335,5 | 37,7 | 12,7 | Мил. ЕУР | 276,0 | 258,0 | -18,0 | -6,5 |
| Мил.$ | 357,3 | 378,3 | 21,0 | 5,9 | Мил.$ | 332,7 | 291,1 | -41,6 | -12,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | | Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2018 | I - VII - 2019 | Салдо | Стапки во% | | I - VII - 2018 | I - VII - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,9 | 46,2 | 6,3 | 15,7 | .000 Т | 35,2 | 39,7 | 4,5 | 12,9 |
| Мил. ЕУР | 480,7 | 566,1 | 85,4 | 17,8 | Мил. ЕУР | 407,0 | 436,3 | 29,3 | 7,2 |
| Мил.$ | 578,1 | 638,2 | 60,1 | 10,4 | Мил.$ | 490,1 | 492,2 | 2,1 | 0,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јули 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 4,2% односно 45,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 14,2% односно 22,7 милиони евра споредено со јули 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - јули 2019 година, 92,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат:

Србија, Турција, Италија, Јужна Африка, Полска, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,9% од трговската размена во периодот јануари - јули 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 2,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 80,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 3,4 п.п. во однос на периодот јануари - јули 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VII - 2018 | | | | | I - VII - 2019 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 2.564,6 | 3.622.934.681 | 61,5293 | 222.916.634.852 | 84,0 | 2.680,1 | 3.893.122.289 | 61,5117 | 239.472.570.330 | 80,6 | 270.187.609 | 7,5 |
| УСД | 895,3 | 782.153.332 | 50,8294 | 39.756.384.573 | 15,0 | 1.242,3 | 1.008.038.727 | 54,4614 | 54.899.200.310 | 18,5 | 225.885.395 | 28,9 |
| ГБП | 3,8 | 17.607.428 | 69,9269 | 1.231.232.888 | 0,5 | 2,3 | 14.329.105 | 70,4200 | 1.009.055.561 | 0,3 | -3.278.324 | -18,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.463,8 | | | 263.904.252.312 | 99,0 | 3.924,8 | | | 295.380.826.202 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.474,1 | | | 265.439.667.307 | 100,0 | 3.935,6 | | | 297.259.302.868 | 100,0 | | 12,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2019 година изнесуваа 113.890 милиони денари, односно 16,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,2% во однос на 2018 година.




**Графикон 3.1:** Приходи по категории *(износи во милиони денари)*

Извор: МФ.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 64.805 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 1,3%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 29.031 милион денари, што претставува зголемување од 1,6% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 44,8%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 44.039 милиони денари, од кои на

даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 15.008 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 3,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 8,8% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 4,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 2,5%.

Акцизите се остварени во износ од 14.376 милиони денари (учество од 22,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,8% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 43.407 милиони денари, што претставува 67,0% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 10.313 милиони денари и забележуваат раст од 15,9% на годишна основа, при што 63,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 8,1% од приходи од капитал, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 8,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,3% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овие седум месеци изнесуваа 7.364 милиони денари и забележаа помало остварување за 20,2% во однос на истиот период претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на дивиденди и други распределби за 116,3%, додека намалување има кај месечни аконтации од 10,8%, кај доплатите по даночни биланси од 32,7% и кај задржаниот данок за странски правни лица од 53,3%.

Приходите од царина се остварени во износ од 3.401 милион денари и забележаа зголемување од 4,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 320 милиони денари забележаа зголемено остварување за 10,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 34.849 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 10,0%, кај придонесите за вработување за 8,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 9,1%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 10.534 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 54,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 624 милиони денари, што е намалување од 39,5% во однос на минатата година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.209 милиони денари и се зголемени за 31,8% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во периодот јануари - јули 2019 година изнесуваат 79.376 милиони денари, односно 91,7% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 49,7% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 80,7% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во анализираниот период изнесува 53,9% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 10.243 милиони денари, што претставува 12,9% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 1.977 милиони денари, односно 2,3% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (66,7%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 644 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливите на средства по основ на задолжување во странство претставуваат 54,1% од вкупните приходи и изнесуваат 348 милиони денари. Приливот на средства по основ на отплата на

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

трансфери и донации изнесува 263 милиони денари и претставува 40,8% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 5,3% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - јули 2019 година оствари приходи во износ од 43.586 милиони денари, што претставува 60,1% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2019 година изнесуваа 123.274 милиони денари, односно 17,6% од БДП, што е за 8,4% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 116.911 милиони денари учествуваа со 94,8% и се зголемени за 7,6% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 15.976 милиони денари што претставува зголемување за 4,6% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.153 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 15,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 85.806 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 7,3% споредено со јануари - јули 2018 година и истите учествуваа со повеќе од 2/3, односно 69,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 62.764 милиони денари, забележаа раст од 8,1% и учествуваа со 50,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 38.270 милиони денари, што е зголемување за 8,6% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,0% во вкупните

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,0%, односно забележаа поголема реализација за 5,1%, а се реализирани во износ од 22.208 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.679 милиони денари забележаа зголемување од 5,7%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 11.192 милиона денари што е зголемување од 4,6% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 5.976 милиони денари, што е за 10,7% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 7,9%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 18,1%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 6.363 милиони денари со структурно учество од 5,2% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 24,1% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 80,7% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - јули 2019 година реализираше 25.579 милиони денари или 57,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 18.323 милиони денари или 60,5% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,2% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 50,4% (5.163 милиони денари) од планираните за 2019 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Во првите седум месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 18.478 милиони денари, што претставува 55,2% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 49,1% отпаѓаат на отплата на

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции

главнина, за што се потрошени 9.074 милиони денари, односно 55,6% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 32,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 5.975 милиони денари или 66,3% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - јули 2019 година изврши буџетски средства во износ од 13.219 милиони денари, што е 50,6% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (62,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.280 милиони денари или 57,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,1%, за што се потрошени 1.996 милиони денари, односно 54,2% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 12,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.643 милиони денари, односно 39,4% од вкупно предвидените.

Во првите седум месеци од 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 6.597 милиони денари, што претставува 59,8% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 69,5%, за што се потрошени 4.582 милиона денари или 59,6% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 19,2%, за што се реализирани 1.264 милиони денари или 64,0% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.057 милиони денари, што претставува 69,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 95,0% во вкупните расходи, реализирани се 82,5% од планираните средства.

Министерството за одбрана во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 3.941 милион денари, што е 47,4% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 56,9%, за што се реализирани 2.241 милион денари, што претставува 56,5% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 22,1% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 872 милиона денари, односно 44,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - јули 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 3.336 милиони денари, што е 51,4% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо

---

финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

учество во расходите со 55,6%, за што се потрошени 1.856 милиони денари или 64,7% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 35,5% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.186 милиони денари, односно 51,6% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 2.333 милиони денари, што е 32,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 29,0% од предвиденото (1.780 милиони денари), а учествуваат со 76,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 19,4% и за оваа намена извршени се средства во износ од 453 милиони денари, односно 51,3% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - јули 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 9.384 милиони денари, што претставува 1,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 10.514 милиони денари и претставува 1,5% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – јули 2019 година, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 114.905 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е понизок за 3,5% во однос на истиот период од 2018 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јули 2019 година 15,3% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во јули 2019 година изнесува 189.854, од кои 102.326 се активни баратели на работа, а 87.528 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 2,4%.

Најголем дел од активните невработени лица (63,9%) се градско население, а според половата структура 52,2% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,6% се со завршено средно образование, додека 11,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,8% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2019 година оствари годишен раст од 4,1%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,3%. Најголем раст на просечната нето-плата се

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (11,7%), Транспорт и складирање (10,3%), и Градежништво (5,4%). Реалните плати во јуни забележаа годишен раст од 3,9%.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2019 година оствари годишен раст од 5,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (13,6%), Транспорт и складирање (11,9%), и Градежништво (6,6%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,1%.

## Пензии

Во јули 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 318.303 пензионери, што претставува зголемување од 1,8% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 730 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,3% се корисници на старосна пензија, 23,8% се корисници на семејна пензија и 10,9% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во јули 2019 година изнесува 14.529 денари и е за 2,9% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,5%.

Просечната старосна пензија во јули изнесува 15.813 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.151 денар, а просечната семејна пензија 11.635 денари. За исплата на пензиите во јули 2019 година се потрошени 4.528 милиони денари, што претставува 49,4% од вкупните социјални трансфери.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јули 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во јули 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 11,5% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките од 12,2% и раст на готовите пари во оптек од 10,7%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 18,2%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 35,0% и растот на готовите пари во оптек од 5,0%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во јули 2019 година регистрираа раст од 0,8% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се зголемија за 2,7% и 0,6%, соодветно.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (јули 2019 година)




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во јули 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

1,1%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,5%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2019 година оствари раст од 10,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 13,0% и 5,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 8,7% и 9,1%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,7%, а долгорочните депозити за 8,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2019 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **389.733** | **0,8%** | **10,0%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *235.627* | *1,1%* | *13,0%* |
| *Странска валута* | *154.106* | *0,5%* | *5,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *168.255* | *0,9%* | *4,7%* |
| *Долгорочни* | *107.383* | *0,1%* | *8,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **328.105** | **-0,8%** | **6,8%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *193.411* | *-1,1%* | *8,5%* |
| *Странска валута* | *134.694* | *-0,3%* | *4,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.883* | *-1,2%* | *6,9%* |
| *Долгорочни* | *250.189* | *0,4%* | *7,7%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.404* | *-13,1%* | *-1,5%* |

Извор: НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Кредити на банките

Во јули 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 2,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,7%. Од аспект на валутата, во јули 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа пад од 1,1% и 0,3% соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во јули 2019 година вкупните кредити се зголемија за 6,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,4% и раст на кредитите кон претпријатијата од 4,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,5%, а кредитите во странска валута за 4,5%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,7%, а краткорочните кредити од 6,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,15%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,61%, а каматната стапка на девизните кредити се намали, исто така, за 0,04 п.п на месечно ниво и изнесува 4,60%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јули 2019 година изнесува 1,38% и е намалена за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно ниво се намали за 0,04 п.п. и изнесува 1,89%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,80%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 113,4% на месечно ниво како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 10,4 пати односно 1042,3%, додека прометот од класичното тргување регистрираше пад од 5,0%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јули 2019 изнесуваше 798 милиони денари и истиот е намален за 12,5% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јули 2019 година изнесуваше 3.886,12 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 1,7%, а во однос на истиот месец претходната година за 14,7%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јули 2019 година изнесуваа 2.927,0 милиони евра и во однос на претходниот месец останаа непроменети, а во однос на јули 2018 година се зголемени за 11,6%.